РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-1
30.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван

Ви благодариме за Претставката (наш арх. бр. УПП 03/1 од 22.01.2026 г.) во која, на примерот на серијалот од турска продукција, насловен - „Животна врска“, кој се емитува на програмскиот сервис од Трговското радиодифузно друштво ТВ Канал 5 ДООЕЛ Скопје – правите споредба со телевизии од балканскиот регион и изведувате општи заклучоци околу економската (не)исплатливост од емитувањето на тој и на слични играни серијали.

Притоа, проблематизирате најмалку уште два аспекта од (не)гледаноста на програмската понуда од домашните радиодифузери, и тоа:

- уредувачката одговорност и политика, одразена во изборот на програмите понудени во програмската шема; и

- естетиката на програмите.

Во овој контекст, сакаме да Ве информираме дека надлежностите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги произлегуваат од Законот за медиумите (ЗМ) и од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), како и од соодветните подзаконски акти непосредно поврзани со нив.

Во оваа смисла, како појдовна основа за одговор, го посочуваме членот 3 ставови 1 и 2 од ЗМ, со кој:

- *Се гарантира слободата на изразување и слободата на медиумите;*
- *(...) слободата на медиумите, особено опфаќа: Производство и емитување на аудио/аудиовизуелни програми, самостојност на уредникот, новинарот, авторите и креаторите на содржини или програмските соработници и други лица, а во согласност со правилата на професијата.*

Исто така, во член 3 од ЗААВМУ (Дефиниции), под точката 26, поимот – „уредувачка одговорност“ за аудиовизуелна медиумска услуга е дефиниран како – *„одлучувачка контрола врз изборот на програмите и врз нивното организирање во хронолошки редослед на програмите (програмска шема)“.*

Освен ова, во членот 47-а став 1 алинеја 13, меѓу другите начела за вршење на дејноста е наведено и: *„самостојност, независност и одговорност на уредниците,*

*новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика*".

Оттаму, Агенцијата не може да се впушта во проценка на изборот на програмите (освен ако, емитуваното, на некој начин, ги загрозува личното и колективното достоинство, односно штети по психофизичкото здравје на демографски разноликата ТВ – публика), во естетски рецензии за програмската понуда, ниту во профитабилноста на бизнис-планот на трговско радиодифузно друштво. Меѓутоа, можеме и ќе го информираме медиумот за содржината на Вашата претставка.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**